**Упатство за оценување и избор на понудувачи за набавка на услуги – ангажирање на надворешен евалуатор за оценка на предлог проекти**

За потребите на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство", спроведен е повик за набавка на услуги – ангажирање на надворешен евалуатор за оценка на предлог проекти.

Постапката за избор на понудувачи се одвива според Договорот за грант, во согласност со принципите за набавка на услуги.

Набавката е неделива.

Од потенцијалните понудувачи е побарано да поднесат понуда за испорака на услуги за разгледување, селекција и оценување на пристигнатите предлог-проекти од страна на граѓански организации согласно активниот Повик за предлог-проекти, заверена од добавувачот со потпис, на адреса бул. Браќа Гиноски бр. 61, 1230, Гостивар или скенирана на е-пошта: community.mediadev@gmail.com, **до 11.06.2024 година до 16:00 часот**, која задолжително ја содржи подолу наведената документација:

- Кратка биографија на евалуаторот (документ во прилог, прилог 1);
- Мотивационо писмо со опис на вашите квалификации, способности и достигнувања согласно Повикот (документ во прилог, прилог 2);
- Финансиска понуда (документ во прилог, прилог 3)
- Една препорака (референца) за реализирани слични услуги.

Врз основа на тоа се изработени следниве критериуми за оценување:

| **Евалуација** | **Максимум можни бодови** |
|---|---|
| Биографија на апликантите | 30 |
| Професионално искуство | 30 |
| Понудена цена за услугата | 20 |
| Референци од претходно искуство за реализирани слични услуги | 20 |
| **Вкупно бодови** | **100** |

Ќе се избере понудувачот кој ќе добие вкупно најмногу бодови.